Врз основа на член 17 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018) и Записникот од седницата на Комисијата за спорт бр.08-289/3 од 05.03.2021 година, Градоначалникот на Општина Делчево на ден 10.03.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот од Општина Делчево за 2021 година**

I. Градоначалникот на Општина Делчево доделува финансиска помош на следните спортски клубови и спортски здруженија:

1. Здружение ФУДБАЛСКИ КЛУБ БРЕГАЛНИЦА-СЕНИОРИ, износ од 300.000 денари по пријава бр.08-392/1 од 01.03.2021година;
2. Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево, износ од 170.000денари по пријава бр.08-361/1 од 26.02.2021година;
3. Здружение ракометен клуб БРЕГАЛНИЦА ПЛУС Делчево, износ од 80.000 денари по пријава бр.08-353/1 од 26.02.2021година;
4. Планинарско спортско друштво ГОЛАК-Делчево, износ од 20.000 денари по пријава бр.08-357/1 од 26.02.2021година;
5. Здружение спортско риболовно друштво БРЕГАЛНИЦА Делчево, износ од 20.000 денари по пријава бр.08-352/1 од 26.02.2021година.
6. Кикбокс клуб ТИГАР МКМ Делчево, износ од 10.000 денари по пријава бр.08-351/1 од 26.02.2021година.
7. Боксерски клуб ТИГАР МБМ Делчево, износ од 10.000 денари по пријава бр.08-350/1 од 26.02.2021 година.

II. Градоначалникот на Општина Делчево доделува финансиска помош на следните правни лица за организирање на следните спортски манифестации:

1. Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Делчево по пријава бр.08-359/1 од 26.02.2021 година износ од 60.000 денари.

III. Со секој од спортските клубови и здруженија од точка 1 и правното лице за организација на спортска манифестација од точа 2 на ова решение ќе се склучи Договор согласно член 18 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018).

**Образложение**

На ден 15.02.2021 година од страна на Градоначалиникот на Општина Делчево, а по претходен предлог на Комисијата за спорт беше објавен јавен повик за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот од Општина Делчево за 2021 година заведен под бр.08-289/2. По објавениот повик пристинаа вкупно 11 пријави кои согласно член 13 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018) беа разгледувани од страна на Комисијата за спорт. На ден 05.03.2021 година од страна на Комисијата за спорт беше извршена проценка и оцена на секоја поединечна пријава за што беше составен записник бр.08-289/3. Врз основа на утврдената фактичка состојба од записникот, а согласно член 16 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018), Комисијата за спорт на записник од 05.03.2021 година даде предлог листа за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот од Општина Делчево за 2021 година.

Градоначалникот на Општина Делчево го разгледа предлогот на комисијата даден во записник од 05.03.2021 година на Комисијата за спорт и согласно член 17 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл.гласник на Општина Делчево бр.2/2018) донесе Решение како во диспозитивот.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Доставено до:

**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

Архива,здруженија
Комисијата за спорт